Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

12,Август, 2022

Архивски број : 68-3863/8

Врз основа на член 49 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година) Министерството за транспорт и врски упатува и го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ
## За организирање на
## ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУЧНА РАСПРАВА СО ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА

Се организира Стручна расправа со јавна презентација по Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија - Грција.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија - Грција ќе биде достапен за увид на стручната јавност и јавно презентиран од 17.08.2022 година, до 18.09.2022 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски како и во информацискиот систем Е-урбанизам. Исто така во хартиена форма примерок од урбанистичкиот план ќе биде изложен на увид на стручната јавност во просториите на Министерството за транспорт и врски и во општините Неготино, Демир Капија, Богданци и Гевгелија.

Стручната расправа ќе се одржи на 28.09.2022 (вторник) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

Учесниците во стручната расправа можат да ги достават своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа. Забелешките ќе бидат составен дел на записникот од стручната расправа, врз основа на кој се изготвува извештај од стручната расправа, што го изработува стручна комисија формирана од донесувачот на планот.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Изработил: Александар Карангелов, диа

Одобрил: Раководител на Сектор за уредување на просторот: Весна Андриевска, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk